Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Друштво за производство на компјутери и деловно информатички услуги КИНГ ИЦТ ДООЕЛ
Бр. 70 - 2025
03. 04. 2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-3904/1
Датум:
02 -04- 2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги – одржување на информатичка опрема, активна и пасивна мрежа
## ( ДЕЛ 1-Одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациска опрема)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за производство на компјутери и деловно информатички услуги КИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Владимир Комаров" бр.11а кат ПР/Синерџи-Б Центар во Скопје, претставувано од Влатко Петревски, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациска опрема (Cisco ISR4431) ИП упатувач (4GE, 3NIM, 8G FLASH, 4G DRAM, IPB), S/N: FGL204810HZ, во објектот на Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.01095/2025.

Составни делови на овој договор се прифатените услови дефинирани во понудата на носителот на набавката со прифатениот технички опис за одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациската опрема, дадена во Прилог 1 на овој договор (Прилог 1) и техничките спецификации дефинирани од страна на договорниот орган, дадени во прилог 2 на овој договор (Прилог 2).

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 84.740,00 денари.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 15.253,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 99.993,00 денари.

## III.РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 3

Вкупната вредност од член 2 на овој договор, за предметот на договорот е фиксна и непроменлива за целото времетраење на договорот.

## IV. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Договорот се склучува за период од 12 (дванесет) месеци сметано, од денот на испораката на Cisco Smartnet Service-от, согласно со доставената испратница од носителот на набавката со која потврдува дека услугата е овозможена.

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган и треба да биде издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## VI. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 6

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

Локацијата на извршување на услугата е во просториите на Министерството за финансии, ул. „Даме Груев" бр.12 во Скопје.

По потпишувањет на договорот, носителот на набавката е должен во рок од 10 (десет) дена да го испорача Cisco Smartnet Service-от, со цел да се овозможи активацијата за одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациската опрема.

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди одржување, техничка и логистичка поддршка на опремата, предмет на овој договор во рокот на важењето на Cisco Smartnet Service-от.

## VII. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган плаќањето за извршените услуги ќе го врши врз основа на доставена фактура кон која треба да има приложено испратница за испорака на Cisco Smartnet Service-от, потпишана со полно име и презиме од лицата определени од договорниот орган и од носителот на набавката, во рок од 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на адресата на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје.

Со фактурата и со потпишаната испратница носителот на набавката доставува доказ (ЛОГ) за извршен сервис, кој е веродостоен и одобрен во формат од договорниот орган.

## VIII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 8

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата (Прилог 1) и техничките спецификации кои претставуваат составен дел на овој договор (Прилог 2).

### Член 9

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

Обврски на носителот на набавката:

- техничка поддршка и замена на хардвер следниот работен ден (8x5 поддршка);
- закрпи на тековни верзии на системскиот софтвер;
- инсталација, конфигурација и фино подесување на уредот согласно барањата на договорниот орган и
- техничка поддршка и пријава на дефект од 8:00 до 18:00 часот во работни денови.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 10

Договорниот орган се обврзува барањето за извршување на услугата да го доставува до носителот на набавката во писмена форма, при што тоа треба задолжително да ги содржи потребните податоци и спецификации за бараната услуга.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 7 на овој договор.

При реализацијата на договорот, договорниот орган се обврзува да го побара доказот (ЛОГ) за извршен сервис, во соодветен формат.

## X. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 11

Определените лица од носителот на набавката за реализација на договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 12

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој договор од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 13

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле

подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 14

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 11 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 15

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот органот.

Член 16

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 17

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 18

Одредбите од глава X од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## XI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 20

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 21

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 22

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XII. ВИША СИЛА

### Член 23

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 25

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и други позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 26

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 27

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 28

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| Република Северна Македонија | Друштво за производство на компјутери |
| Министерство за финансии | и деловно информатички услуги |
| Скопје | КИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Влатко Петревски |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Мариа Анѓелеска/Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

Прилог 1 – Понуда на Друштво за производство на компјутери и деловно информатички услуги КИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје

**Прилог Образец на понуда за ДЕЛ 1**

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии за јавна набавка на услуга – одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisko комуникациска опрема со спроведување на поедноставена отворена постапка и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Друштво за производство на компјуери и деловно инфроматички услуги КИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул.Владимир Комаров бр.11а кат ПР/Синерџи-Б.Центар Скопје
- Телефон: +389(0)2 3202 970
- Факс: +389(0)2 3202 980
- Е-пошта: sales@king-ict.mk
- Лице за контакт: Мартин Николов

I.3. Одговорно лице: Влатко Петревски
I.4. Даночен број: 4030008020265
I.5. Матичен број: 6325270

**Дел II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

II.1. Согласни сме да ви ја понудиме услугата која е предмет на набавката во се според барањата дефинирани во техничките спецификации и другите услуги утврдени во тендерската документација.

➢ **Економскиот оператор во посебен прилог да даде детален технички опис на условите за одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisko комуникациска опрема согласно техничките спецификации.**

II.2. Се согласуваме со начинот, местото и рокот на извршување на услугата утврден во тендерската документација.

II.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

**Дел III. ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 84,740.00 *[со бројки]* (осумдесет и четири илјади седумстотини и четириесет) *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 15,253.20 денари.

4. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

4.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

- општ дел,
- техничка понуда и финансиска понуда (Прилог 1 и Прилог 2)

ПРИЛОЗИ

- Изјава за сериозност;
- Изјава за докажување на способноста или документи за докажување на способност;
- Договор за ниво на испорачана услуга (Service Level Agreement);
- Други прилози ако има потреба.

| Место и датум | Одговорно лице* |
|---|---|
| Скопје, 14.02.2025 | Влатко Петревски<br>(потпис) |

Vlatko Petrevski Digitally signed by Vlatko Petrevski Date: 2025.02.14 10:21:41 +01'00'

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

KING ICT
INFORMATION & COMMUNICATION TECHNOLOGIES

Vlatko Petrevski
Digitally signed by Vlatko Petrevski
Date: 2025.02.14 10:23:14 +01'00'

# Понуда за одржување на информатичка опрема, активна и пасивна мрежа Дел 1:Одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациска опрема



**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
ул.Даме Груев бр.12
1000 Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

# Листа на содржина

Информации за понудувачот ........ 3
Техничко решение ........ 4
Финансиска понуда ........ 4

**ПРОФИЛ НА КИНГ ИЦТ ГРУПАЦИЈА ........ 5**

КИНГ ИЦТ Решенија & Услуги ........ 7
Стратешки партнери ........ 8
Референтна листа ........ 10

# Информации за понудувачот

**Понудувач:** КИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје

**Адреса:** ул. Владимир Комаров бр.11а кат-ПР/ Синерџи-Б.Центар Скопје-Аеродром

**Даночен број:** 4030008020265

**Веб страна:** www.king-ict.mk

**Жиро сметка:** НЛБ Тутунска Банка Скопје, 210-0632527001-98

**Одговорно лице:** Влатко Петревски

**Контакт лице:** Мартин Николов

**Функција:** Sales Specialist

**Тел:** +389 (0)2 3202 970

**Моб:** +389 (0) 78 336 700

**e-mail:** **martin.nikolov@king-ict.mk**

**Рок на важност на понудата:** 120 дена

**Рок на извршување на услуга:** Носителот на набавката се обврзува да ја извршува услугата од денот на потпишувањето/започнувањето со примена на договорот. Услугата ќе се извршува во Скопје. По потпишувањето/започнувањето со примената на договорот, носителот на набавката се обврзува во рок од 10(десет) дена да го испорача Cisco Smartnet Service-от . Носителот на набавката се обврзува да обезбеди одржување, техничка и логистичка поддршка на опремата во рокот на важењето на Cisco Smartnet Service-от.

**Валута на понуда:** денари

**Начин на плаќање:** Договорниот орган плаќањето за извршените услуги за ДЕЛ 1 ќе го врши врз основа на доставена фактура кон која треба да има приложено испратница за испорака на Cisco Smartnet Service-от или еквивалент според техничките спецификации, потпишана со полно име и презиме од лицата определени од договорниот орган и од носителот на набавката, во рок од 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на адресата на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје.Со фактурата и со потпишаната испратница носителот на набавката доставува доказ (ЛОГ) за извршен сервис, кој е веродостоен и одобрен во формат од договорниот орган.

# Техничко решение

Понудувачот Друштво за производство на компјутери и деловно информатички услуги ИНГ ИЦТ ДООЕЛ Скопје ќе обезбеди одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisko комуникациска опрема според долунаведената спецификација на локација на корисникот:Министерство за Финансии во рок кој е наведен од корисникот, согласно тендерската документација:

- Cisco Smart Net Services (Next-business-day hardware replacement, 8x5 support) или еквивалент, обезбеден од производителот на опремата до датум наведен во таблицата за следната мрежна опрема:

| Опис на уредот | Кол. |
|---|---|
| **CISCO ISR4431/K9, ИП упатувач;** (4GE,3NIM,8G FLASH,4G DRAM,IPB)<br>**S/N: FGL204810HZ** | 1 |

Локацијата на опремата е во објектите на Министерство за финансии, на ул. Даме Груев, бр. 12, Скопје.

Друштво за производство на компјутери и деловно информатички услуги ги има следните обврски:

- Техничка поддршка и замени на хардвер следниот работен ден (8x5 поддршка);
- Закрпи на тековни верзии и одржување на најнови верзии на системскиот софтвер;
- Инсталација, конфигурација и фино подесување на уредот согласно барањата на договорниот орган;
- Техничка поддршка и пријава на дефект од 8:00 до 18:00 часот во работни денови.

Лица за контакт за техничка и логистичка поддршка и одржување:
1.Зоран Василевски, e-mail: Zoran.Vasilevski@king-ict.mk ,телефон за контакт :072 225 710;
2.Даниел Џокиќ, e-mail: Daniel.Jokic@king-ict.mk , телефон за контакт: 075 234 868.

Со нашата понуда доставуваме и модел на договор за ниво на испорачана услуга кој е во согласност со минималните барања од техничките спецификации на тендерската документација.

# Финансиска понуда

| Р.бр. | Опис | P/N | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ | Вкупна цена со ДДВ | Износ на ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Cisco ISR 4431 (4GE,3NIM,8G FLASH,4G DRAM,IPB) | ISR4431/K9 | 1 | 84,740.00 денари | 84,740.00 денари | 99,993.20 денари | 99,993.20 денари | 15,253.20 денари |
| | | | | Вкупно: | 84,740.00 денари | | 99.993,20 денари | 15,253.20 денари |

# Профил на КИНГ ИЦТ групација




КИНГ ИЦТ е регионален систем интегратор чија специјалност се напредни ИЦТ решенија кои позитивно влијаат врз економијата и општеството.
Нашата приказна започна во 1998 година, водени од знаење и креативност, а истовремено задржувајќи ја нашата висока мотивација да создадеме додадена вредност. Денес КИНГ ИЦТ брои над 600 вработени кои работат на напредни ИТ решенија за подршка на бизнисот во повеќе сектори.
КИНГ ИЦТ е присутен и ги обслужува своите клиенти во Хрватска, Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Косово, а во наредниот педиод се планира отварање на претставништво во западна Европа.

Како еден од водечките систем интегратори на Јадранскиот регион и пошироко, градиме дигитална иднина за сите, секогаш инвестираме во знаење, одржување на силни партнерства и доверба. Соработувајќи со CISCO, Dell EMC, HPE, Oracle, SAP, IBM, VMware и многу други компании, ние секогаш сме во чекор со најновите технологии и најдобрите светски практики. КИНГ ИЦТ се обврзува да работи со највисок интегритет и во согласност со сите важечки закони. Ние ја охрабруваме културата на транспарентност и интегритет во сите наши активности, кои секогаш се споведуваат во согласност со антикорупциската политика и кодекс на бизнис однесување.

Задоволството на клиентите е еден од нашите главни приоритети.

Сите наши бизнис процеси се во согласност со меѓународните норми, како и со законските регулативи на Република Северна Македонија. Ние ги дизајниравме и редовно ги одржувавме, политиката на безбедност на информации (ISO 27001), политика за управување со услуги (ISO 20000), политика за квалитет (ISO 9001), политика за заштита на животната средина (ISO 14001), Политика за приватност и Политика за безбедност при работа.

Како групација имаме сертификат за деловна безбедност, согласно актот за инфомациска безбедност на национална/ЕУ/НАТО ТАЈНА. Нашите операции се исто така усогласени со законските регулативи на Република Хрватска во областите на техничката заштита, додека нашите експерти ги прават сите фази на проектот според препораките на PMI, ITIL, IPMA и Agile методологии.

Бројните сертификати ја подобруваат нашата експертиза и овозможуваат подобрување на бизнисите на нашите клиенти.

Новите технологии кои се во согласност со нашата експертиза и персонализираниот пристап кон клиентите овозможи да развиеме решенија кои ги задоволуваат потребите на нашите клиенти во области како транспорт, земјоделие, енергетика, образование, телекомуникации, финансии, безбедност, фармација и др.





КИНГ ИЦТ е горд со своите решенијата, како што се информативниот систем за запишување во образовните институции во Република Хрватска, системот 112, националниот шенген информативен систем, документ менаџмент системи во повеќе општини во Република Северна Македонија и останати напредни решенија.





Врз основа на новите технологии, cloud и принцип на mobile first, ние создаваме иновативни решенија за претпријатијата. Ние развиваме и имплементираме решенија како што се ERP, DMS, HRM, Help Desk, итн. Градиме дата центри и ја оптимизираме ИТ инфраструктурата, имплементираме безбедносни и мрежни решенија, истражуваме и развиваме нови начини на управувањесо информации, што резултира со производи како што се BI системот за бизнис известување и GIS решенија за размена на просторни информации.

Сите овие проекти заедно водат кон иста цел – поврзано општество и модерен бизнис.

# КИНГ ИЦТ Решенија & Услуги

**Application Development & Management**

- SW Enterprise Development Solutions / Integration
- eCommerce
- BI & Analytics
- Machine Learning / IOT
- Robotic Process Automation

**Business Application & Consulting**

- S4/HANA, IS-Utilities, EAM, RE-FX, SCP
- KING Geoportal / Sentinel - Geodata Store / Drone Services Management
- SFERA - Emergency Response Management
- HRplus (HRM), KING Process Manager
- DMS, CRM, LMS ...

**Modern IT Infrastructure**

- Software Defined Data Center (SDDC)
- Software Defined Network (SDN)
- Hybrid & Public Cloud Solutions

**Cyber Security**

- Advanced Threat Prevention Solutions
- Data Privacy & Security Solutions
- Identity & Access Management

**IT Service & Workplace Management**

- Managed Workplace Solutions
- IT Service Management (ITSM, ITIL, NOC)
- License Optimization & Compliance

**Physical Security Systems**

- Video Analytics & Biometrics
- Integrated Security Systems
- AI Smart City Concepts

**Data Center Infrastructure**

- Critical Power & Cooling
- Data Center Infrastructure Management

**Smart Building Systems**

- Multimedia
- Automation
- Building Management System
- KING Situation Management

## Стратешки партнери

| Partner | Status |
|---|---|
| **Adobe** | Certified Reseller |
| **Airbus** | Authorised Reseller Partner |
| **APC** | Gold Partner |
| **Arcserve** | Platinum Partner |
| **ArcSight (Microfocus)** | Partner |
| **Axis Communications** | Silver Partner |
| **Bosch** | Certified Partner |
| **Broadcom Software** | Partner |
| **Canon** | Silver Partner |
| **CA Technologies (Broadcom)** | Partner |
| **Check Point** | 4 Stars Partner, Certified Support Provider |
| **CISCO** | Gold Partner |
| **Citrix** | Silver Citrix Solution Advisor |
| **D-Link** | Gold partner |
| **Darktrace** | Value Added Reseller Partner |
| **Dell Technologies** | Titanium Partner |
| **Epson** | Partner |
| **FireEye (Trellix)** | Affinity Partner SILVER |
| **Fortinet** | Expert Partner |
| **Fujitsu** | Select Circle |
| **F5** | Silver UNITY Partner |
| **Genetec** | Elite Partner |
| **Google** | Partner |
| **HID** | Certified Partner |
| **Hikvision** | Certified Partner |
| **HP Inc.** | HP Amplify Power Services Partner |
| **HP Enterprise** | Hybrid IT Silver Partner |
| **IBM** | Silver Partner |
| **Juniper** | Select Partner |
| **Lenovo** | Premium Gold Partner |
| **LogRhythm** | Partner |
| **McAfee (Trellix)** | Partner |
| **Microfocus** | Partner |

| | |
|---|---|
| **Motorola** | Platinum Reseller |
| **NOX Systems** | Certified Partner |
| **Oracle** | Oracle Partner Network |
| **Panasonic** | Partner |
| **Radware** | Network Security Partner |
| **Rapid7** | Partner |
| **Red Hat** | Solution Provider |
| **SAP** | Partner Edge Sell Partner Gold, Partner Center of Expertise |
| **Schneider Electric** | Elite Partner |
| **Sophos** | Certified Partner |
| **Suprema** | Certified Partner |
| **Symantec (Broadcom)** | Certified Partner |
| **Trend Micro** | Partner |
| **Veeam** | ProPartner Gold |
| **Vertiv** | Platinum Partner |
| **VMware** | Principal Partner<br>– Master Services Competency Data Center Virtualization<br>– Master Services Competency Network Virtualization |
| **Xerox** | Partner |

# Референтна листа




Софтверско решение за подршка на итните служби 112



Cyber безбедност за Агенцијата за комуникации и информации на



Софтвер за безбедносна проверка и ракување со багаж на аеродромот во Дубровник



Проект за мрежна инфраструктура за е-училишта во Хрватска



Национален Шенген информативен систем



SAP IS-U за хрватските електрични претпријатија (снабдување и дистрибуција)



Решение за паметен град – Систем за управување за сообраќај и видео за Загреб



Управување со линеарни средства на претпријатието за хрватските железници

Прилог 2 – Технички спецификации за Дел 1: одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisco комуникациска опрема

Предметот на оваа набавка е одржување, техничка и логистичка поддршка на Cisko комуникациска опрема според долунаведената спецификација на локација на корисникот во рок кој е наведен од корисникот:

- Cisco Smart Net Services (Nextbusinessday hardware replacement, 8x5 support) или еквивалент, обезбеден од производителот на опремата до датум наведен во таблицата за следната мрежна опрема:

| **Опис на уредот** | **Кол.** |
|---|---|
| **CISCO ISR4431/K9, ИП упатувач;** (4GE,3NIM,8G FLASH,4G DRAM,IPB)<br>**S/N: FGL204810HZ** | **1** |

Локацијата на опремата е во објектите на Министество за финансии, на ул. Даме Груев, бр. 12, Скопје.

Обврски на економскиот оператор:

- Техничка поддршка и земени на хардвер следниот работен ден (8x5 поддршка);
- Закрпи на тековни верзии и одржување на најнови верзии на системскиот софтвер;
- Инсталација, конфигурација и фино подесување на уредот согласно барањата на договорниот орган;
- Техничка поддршка и пријава на дефект од 8:00 до 18:00 часот во работни денови.